## Вежба 4.2. – Различност

| | |
|---|---|
| **Образовни цели** | Учениците ја искусуваат различноста и разбираат дека различноста е вкоренета во социјалните структури.<br>Искуството со различноста е најбитно во адолесценцијата. Младите луѓе сакаат да привлечат внимание, да се признаени од возрасните и почитувани од другите луѓе. Важен аспект во формирањето на идентитет во адолесценцијата е одвоеноста од возрасните, посебно родителите.<br>Учениците разбираат дека има толку многу биолошки разлики што никој не може да ги идентификува сите. На пример, невозможно е да се рече дека еден вид на интелигенција е супериорен во однос на друг. Разликите меѓу луѓето кои се битни се вкоренети во општеството – на пример со вредностите, социјалниот статус или социјалните промени. Во класовите во кои има ученици што припаѓаат на малцинства, добра можност е за овие ученици да ги покажат разликите на недискриминирачки начин. |
| **Ресурси** | Голем лист хартија. |

**Процедура**

1. Наставникот набројува колку што е можно повеќе разлики меѓу луѓето на голем лист хартија.
2. Класот се дели на четири групи. Секој тим набројува одреден тип на разлика:
   - физиолошки разлики
   - психолошки разлики
   - социјални разлики
   - културолошки разлики.
3. Испитување: учениците размислуваат за разликите меѓу луѓето:
   - „Сфаќам дека знам за...
   - ...но научив дека...
   - Моето најголемо изненадување беше...“

**Продолжение**

Наставникот објаснува зошто човечките суштества се и слични и различни.

Учениците пишуваат замислени две ситуации во кои тешко е да се воочат разликите. Ова може да се дискутира со целиот клас.